ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 -13/1
Датум: 03.01.2023
Скопје

Врз основа на член 22 , став 1, точка 7 и точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија " бр.5/02), а во врска со Глава II. Проектни активности , точка 5. Парична помош за секое новородено – посвоено дете на територијата на Општина од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2023 година ( „ Службен гласник на општина Карпош " бр. 25/2022 ), Општина Карпош објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за доделување на парична помош за секое новородено- посвоено дете на територијата на Општина Карпош

Согласно Програмските активности на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2023 година, се доделува парична помош за секое новородено- посвоено дете на територијата на Општина Карпош доколку се исполнети следниве критериуми:

I. Критериуми

- Родителите на новороденото/ посвоеното дете да се жители на Општина Карпош (што се утврдува со документ за лична идентификација )
- На денот на поднесување на Барањето, новороденчето/посвоеното дете да не е постаро од 90 дена од денот на посвојувањето
- Доколку и двајцата родители се вработени вкупните приходи да не бидат повисоки од две минимални плати , а доколку еднион или двајцата родители се невработени тоа се докажува со потврда од Агенцијата за вработување на РСМ.

II. Потребни документи

За остварување на правото на паричен надомест потребно е да се достави соодветна документација како доказ за наведеното барање.

III. Висина на финансиката поддршка

Висината на паричната помош е во износ од 4.000,оо денари еднократно, за секое новородено-посвоено дете согласно утврдените критериуми.

IV. Начин на пријавување

Комплетните документи може да се поднесат во архивата на Општина Карпош на Ул. „ Радика " бр. 9 , барака 2.

V. Повикот не е временски ограничен и трае до исцрпување на финансиските средства , но најдоцна до 31.12.2023 година